ката не ја поместувате во музеј туку каде таа припаѓа, дел од нас, нашето живеење и битисување.

И од насловите на излагањата предвидени во Програмата за овој Научен собир и обичниот човек на кого му е туѓа оваа проблематика, би можел да ја согледа оваа континуирана нишка што како непресушен извор се провлекува од антиката до денешни дни на нашиве простори, нејзините влијанија во областа на мислата, јазикот, инспирациите во областа на литературата, просветата, ликовната уметност, скулптурата а сето тоа придонело и придонесува за една духовна самостојност на овие простори.

Радмила Кипријанова

## ПОЗДРАВЕН ГОВОР НА ПРОРЕКТОРОТ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ "КИРИЛ И МЕТОДИЈ"

Од името на колегиумот на Ректоратот и Универзитетот „Кирил и Методиј" во Скопје ми е доделено пријатно задолжение, и уште поголема чест да го поздравам отварањето на научниот собир „Грчко-римска антика во Југославија и на Балканот", присутните гости, како и учесниците на истиот.

Посебно радува фактот што Вашиот еминентен собир се одржува во годината кога Универзитетот „Кирил и Методиј" во Скопје ја прославуваа својата 40-годишнина.

Горди сме што оваа година во рамките на јубилејот во Скопје и во Републиката се одржаа повеќе републички и меѓународни научни собири, од повеќе научни области. Успешни научни собири се одржаа од областа на медицинските науки, на техничките, и на општествено-хуманитарните.

Универзитетот „Кирил и Методиј" во Скопје е конституиран во 1949 година и на јубилејот тој е презентиран со своите постојни 20 факултети, 8 научни самостојни институти и други научни институции.

Соработува со 27 странски универзитетски центри, чија дејност се манифестира преку повеќе форми на соработка.

Во меѓууниверзитетската соработка значајно место зазема и Филозофскиот факултет во чии рамки работи Катедрата за класична филологија. Популарноста на оваа Катедра, покрај редовната дејност, е позната и со реномираното издавање на списанието „Жива Антика".

Во него го најдоа своето место научните работници од СР Македонија но и многу пошироко, од СФРЈ и од целиот свет.

Низ неговите страници презентирани се настани, личности, теми од нашето далечно минато. Меѓу нив се истакнуваат имињата на познатите научници кои се занимаваат со античкиот период, со средновековниот, широко познат во нашата научна југословенска јавност. Од нашата средина меѓу нив да го спомeнеме доаенот на Катедрата - проф. д-р Михаил Петрушевски.

На сите Вас и учесници на Собирот познато Ви е дека 40-годишнината на Универзитетот се надоврзува на подолготрајна културна традиција, која не води до времето на работењето на Климент и Наум Охридски во IX век во Македонија, кога беше формирана позната Охридска книжевна школа. Меѓутоа, на просторот во Македонија, каде што Климент и Наум Охридски ја пренесоа Кирило-методиевската глаголска традиција, беа видливи трагите од материјалната и духовната наследна стара култура, изразена преку оста-

тоците од античкиот театар во Охрид, ископините во Хераклеа-Битола, како и во другите археолошки локалитети во СР Македонија. Овие откритија, секако го привлекуваат и денес Вашиот интерес.

Од името на Универзитетот Ви посакувам плодотворна и успешна дејност во работата на Собирот.

Вера Стојчевска Антиќ

## POZDRAVNI GOVOR PREDSEDNIKA DRUŠTVA ZA ANTIČNE IN HUMANISTIČNE ŠTUDIJE SLOVENIJE

Društvo za antične in humanistične študije Slovenije se udeležuje letošnjega, že petega zborovanja Zveze društev za antične študije Jugoslavije, z manjšim številom članov kot je bilo navzoče na predzadnjem in zadnjem srečanu, v Žalcú in Puli. To nikakor ni odraz manjše aktivnosti društva ali celo upadanja zanimanja za tovrstna srečanja, temveč so vzroki za to objektivne narave, v posameznih primerih nenaklonjene okoliščine, ne nazadnje tudi večja oddaljenost kraja zborovanja in s tem povezani večji stroški. V času, ko se položaj in vloga antike v izobraževalnem sistemu pri nas, lahko rečemo, kljub vsemu počasi izboljšujeta kar bo, upajmo, pokazalo določene rezultate v prihodnjih letih, člani Društva za antične in humanistične študije Slovenije vlagamo velike napore v to, da bi vrzel, ki je nastopila s klasičnim jezikom in klasični izobrazbi nenaklonjeno žolsko politiko le ne bila preobčutna. Na zborovanje v makedonsko prestolnico prihajamo z željo, da bi prestavili lastno delo in da bi ob kritičnem soočenju z delom kolegov iz drugih republiških društev, v vzdušju razumevanja, medusebojne naklonjenosti, tolerance in ljubezni do antike, ki nam je skupna, odšli z zborovanja obogateni z novimi idejami in polni novih načrtov.

S temi željami v imenu Društva za antične in humanistične študije Slovenije pozdravljam vse udeležence zborovanja in jim želim uspešno delo, obenem pa želim izraziti zahvalo organizatorjem, makedonskim kolegom, ki so prevezeli težko delo in nam pripravili zanimiv, raznolik in znanstveno spodbuden program.

Rajko Bratož